Братислав ЛАБАН

# МАРКС ЗА ВООРУЖЕНАТА СИЛА

Иако војската и воените прашања не биле предмет на посебната Марксова теоретска и практична работа, може да се каже дека тој, складно со времето во кое живеел, во склоп со општествените погледи и поврзано со други прашања, историски и искуствено, посветувал посебно внимание на воениот фактор.

Маркс не напишал посебни трудови за ВС, како воено-историски и воено-теоретски трудови, но тие прашања се обработени низ: „Капитал", „Манифест КП", „Германска идеологија", „Класни борби во Франција", „Граѓанска војна во Франција", „Париска комуна", „Анти—Диринг", „Теорија на силата" и други теориско-филозофски, историски, публицистички, програмско-нормативни и други трудови во кои ја третира воената организација, војната и насилството, востанието и револуцијата.

Вооружената сила Маркс ја обработувал низ нејзината напредна или назадна улога, од материјалистички аспект на објаснување на политичката економија и како продукција и репродукција на животот. Армијата ја дефинира како организирана заедница на вооружени луѓе, која државата ја издржува за да води напаѓачки и одбранбени војни.

Помеѓу Маркс и Енгелс постоела поделба на трудот, така што Енгелс им посветувал внимание на прашањата за војската и воено-историското подрачје, а Маркс го обработувал општото теориско и политичко подрачје. Заради тоа Маркс го нарекол Енгелс „генерал"[1]), што се користело во револуционарните кругови. Ова во никој случај не го намалува придонесот на Маркс по воените прашања, бидејќи тој го поттикнувал Енгелс и сугестивно делувал на него.

---

[1]) Ф. Енгелс: Изабрана дела св. II стр. 345—352/ВИЗ, 1960. г. и „Порекло породице, приватног власништва и државе" 1947. г. Љубљана, 70—105.

Маркс често истакнувал дека воениот чинител многу влијае на општествено-политичкиот развиток на заедницата, особено во време на големи преобразби.

Маркс го развил материјалистичкото сфаќање за вооружената сила со поврзување на економските чинители со вооружена борба, со истовремено нагласување на влијателните фактори како чин кој произлегува од општествената состојба, како:

— област на општественото уредување и односот на општествените сили;

— развиеност на државата и посредно и непосредно материјално производство;

— степен на развиеност на воена технологија;

— геополитичка и меѓународна положба и соседни држави;

— состојба на внатрешниот систем: свет, идеологија, општествени норми на однесување (бирократизам, технократизам, корупција и др.);

— својства на воечки воени личности, и др.

Маркс низ класната поделба на општеството и облиците на општественото уредување го изразил влијанието на истите врз организацијата и улогата на вооружените сили низ: масовност, начин на регрутирање, вооружување и опрема, воени вештина и друго. Низ сите дела особено го истакнувал и нагласува ч о в е к о т.

Општествената репродукција ја ценел како „Основа на долгорочен развиток на државата и нејзината одбрана со битно влијание на организацијата на армијата и воената вештина“[2]), при што ова го условувал со квалитет па и квантитет на човечкиот потенцијал и материјално-техничките средства (како на фронтот така и во заедницата).

Истакнувал дека „влијанието на вооружената сила на општеството се одразува посредно и непосредно“[3]) преку: општествена репродукција; силите на општествено-економските класи и фракции; општественото и политичкото уредување. Ја нагласувал тенденцијата на вооружена сила за издигнувања над општеството.

При сето ова Маркс констатира дека „вооружената сила повратно влијае на општеството, ја сопира или забрзува репродукцијата, го менува односот меѓу класите, ги јакне или ги руши општествените и политичките режими“[4]).

---

[2]) К. Маркс у писму Ф. Енгелсу од 25. 09. 1857. год.

[3]) Маркс—Енгелс, Изабрана дела, 1967, св. III, стр. 20—30.

[4]) К. Маркс „Осамнаести бример Луја Бонапарте“, Изабрана дела св. III, стр. 550—580.

Почнувајќи од архаична племенска демократија па сè до развиената граѓанска демократија, Маркс разгледува два основни облика на армија:

— милициска, со подврсти и

— постојана, која ја дели на домашна и страна, а овие на присилно регрутирани и основани врз законска обврска.

Постојаната армија ја дефинира како „тип, израз на класно угнетување и спротивност на политичката демократија"[5]).

За милициските единици Маркс и Енгелс велат: „Неопходно е да се имаат единици кои нема да мораат да ја учат азбуката на воената вештина откако ќе се соочат со непријателот. Заради тоа ние воопшто не ги земаме предвид илузиите за милициска армија"[6]).

Маркс ја истакнал концепцијата на револуционерните војни како општествени појави и ги негирал ненаучно буржоаските теории за војната.

Војните ги класифицирал на:

— ослободителни, револуционерни и одбранбени — како праведни, и

— неправедни, заради поробувањето.

Војната ја обработува како придружник во сите класни формации како: општествената, историската, преодна и проодна појава.

Маркс прв го истакнал поимот „вооружен народ" како „најпосле пронајден политички облик под кој можело да се изврши економско ослободување на трудот"[7]).

Марксовата теоретска концепција за ОНО и вооружениот народ, како воен фактор на воена организација на бескласно и слободно општество, претставува патоказ во развитокот на напредните идеи.

Маркс нагласувал: „Народ кој прв ќе воведе систем на вооружен народ ќе ги удвостручи своите воени сили. Тој ќе ја докаже својата љубов кон мирот со тоа што ќе ги вооружи сите свои граѓани. Војска која се состои од самиот народ исто така е непогодна за надворешни освојувања, колку што е нужна за одбрана на сопствената територија"[8]).

---

[5]) К. Маркс и Ф. Енгелс, Сочиненија, Москва, 1957. г, св. 16 стр. 50—80.

[6]) К. Маркс, Сочиненија, Москва 1957. г., св. 16 стр. 60—90, и 1962. г. том XVI стр. 53.

[7]) K. Marks Naprijed, Zagreb 1973, 61 i „Gradjanski rat u Francujskoj" (obradjeno i od V. I. Lenjina u „Država i revolucija" str. 40 i o „Naoružanom narodu" sv. I str. 80—110.

[8]) К. Маркс „Елберфелдски говор" св. V/1968. г., Дела, Москва, 1924—1940, том XVI, стр. 294 иФ. Енгелс „Могуќности и предуслови за рат" св. I стр .465—470, ИВД.

Иако социјализмот во многу што не се развивал онака како што го замислувале класиците на марксизмот, идејата за вооружен народ не е угасната. Во однос на бројот на жителите денес е најмасовен милицискиот систем во НДР Кореја, а најбројната милиција во светот е во НР Кина. Во ИЕЗ развиени се сили на внатрешна безбедност, единици на цивилна заштита, работни и други единици, а во НР Романија, освен овој, вооружен е голем број на работници и чиновници.

Во теоретските и практичните трудови, во врска со вооружената сила, Маркс имал тежиште врз освојување на власта, а малку посветувал внимание на одбраната на здобиеното.

Марксовата идеја за „вооружен народ" ја применил Ленин во Октомвриската револуција, а целосна е остварена од другарот Тито во текот на НО војна во склад со тогашните општествено-историски услови на југословенски простор.

Идејата за „вооружн народ" не е буквално применета во нашите услови, туку послужи како инспирација во подготовките и во водењето на ОНОВ. Ова е разбирливо, зашто НО војна се одвиваше во друго време и во специфични услови. Со масовното учество во НО војна на југословенските народи, во практиката е остварена идејата на Маркс за „вооружен народ", а низ самоуправното општество со примена на концепцијата на ОНО (како општествено-политичка концепција) дадена е можност за активно учество на сите работни луѓе во одбрана, со целосно поврзување на одбранбените и производните функци на социјалистичкото општество.

Низ теоријата и практиката, југословенските народи, според конкретни услови и време, ја реализираат и творечки ја развиваат хуманистичко-револуционерната мисла на Маркс за вооружен народ како брана против милитаристичкото општество.

Идејата за „вооружен народ" не е неспоива со постоењето на оперативната армија, бидејќи таа не е и не може да биде исклучителен елемент на ОНО, туку нејзин дел како многу значаен потпор на одбраната.

Значењето на Марксовите теоретски разгледувања за воената организација на пролетаријатот во основа е политичко-социолошко и историско низ визија на бескласно комунистичко општество, а сето тоа проткаено со конкретна стварност.

Општествената смисла на воените појави најчесто е сокриена, заради што во некои земји е присутно одредено изобличување на марксистичките идеи и воено-технократски приод во објаснувањето на појавите.

Маркс не предвидувал развиток на вооружувањето на масовно уништување како што денес го имаме. Тој постојано ис-

такнувал дека со развитокот на светот ќе се менува и значењето на внатрешните и надворешните фактори и односот помеѓу нив.

Во нашата југословенска воена теорија и практика се трнувало и доследно се оживотворувало марксистичкото учење со Титовото мајсторско прилагодување и оживување на теоријата во нашите конкретни општествено-историски услови, како еден од можните патишта кон победата — во НО војна, револуцијата и повоените успеси.

Маркс тврдел „дека општествените околности ги создаваат луѓето и дека луѓето ги создаваат општествените околности"[9]. Во нашата историја тоа е Тито.

Ова излагање треба да се сфати како делумно истргнати мисли од богатата ризница на практичните и теоретските трудови на Маркс за воените прашања.

Bratislav LABAN

## MARX ON THE ARMED FORCES

Summary

The author surveys Marx's concern of the military question through his historical-philosophical, historical-journalistic, normative-programme and other works.

Marx was particularly interested in:

a) The social aspect of the military phenomena

b) The influence of the miltary factor on the socio-political development

c) The principle forms of the Army

d) The classification of the wars

e) The essence of the idea for an „Peoples army" and the application of this concept.

[9]) К. Маркс—Ф. Енгелс, Изабрана војна дела, ВИЗ Б-гд, књига I, стр. 470.